# Manastiri vo Makedonija

Македонските манастири се наша најбогата културна ризница, која е исполета со многу фрески, икони, резби, стари книги и ракописи. Тие се репрезенти на културното наследство на нашата средновековна уметност. Македонските манастири биле и духовни центри, извори и сведоци на македонското православие. Тие зрачеле со својата духовност низ вековите. Тие зрачат и сега со сето свое богатство раскош и убавина.

Македонските манастири се непресушен извор и предизвик на истражувачите и со отворени манастирски порти нив ги очекуваат да им ја откријат тајната и вистината која треба да ја запишат во културната историја на македонскиот народ. Македонските манастири представуваат ѓердан од бисери кои што ја красат Македонија.Со овој наш проект наша цел и желба е да и ги представиме на пошироката јавност најрепрезентативните наши манастири, градени, зографисувани и украсувани со иконостаси, икони амвони, архиерејски тронови, певници, полилеи, свеќници, кандила и сл. низ вековите.

Евидентно е дека според бројот на манастирите, Македонија зазема челно место на Балканскиот Полуостров. Податоците сведочат за сочувани 155 манастири и други 90 во урнатини. Во нашиот проект станува збор за најрепрезентативните македонски манастири создадени во времето на Св.Климент и Св.Наум, потоа низ сиот среден век и во преродбата.

За време на преродбата за потребите на македонските манастири се создаваат зографски, резбарски и градителски тајфи претежно од Малореканскиот крај, кои граделе и украсувале многу цркви и манастири на тлото на Македонија во целиот 19 век, а исто така тие работеле и на просторот на целиот Балкански полуостров како најдобри и најбарани зографи, резбари градители и иконописци.

Манастирските комплекси биле богато изградени со повеќекатни конаци и со проширени и испуштени чардаци, со семејни кули од што се бранела безбедноста на манастирите,со мноштво економски згради, бачилници, подруми за вино и ракија и за зимница.Македонските манастири имале свои метоси, шуми и ливади, пасишта за стока, лозја и овоштарници, движен имот, жива стока и пчеларство.Но, пред се тие имале и своја слава каде на тој ден се собирале луѓето од околните и подалечните места за да се помолат и да се поклонат, да се видат со пријатели и блиски роднини да остават дарови за здравје и да се развеселат.

Македонските манастири секогаш низ вековите биле со широко отворени порти за намерниците и верниците и за сите добри луѓе, за да одморат да се нахранат за да преспијат и пак да го продолжат својот пат. Во рамките на манастирскиот комплекс имало и камбанарија, чиј глас се разнесувал по околните села, пренесувајќи ја радоста а многу често и тагата во тешките денови на ропството, но и гласот на непокорот.

Ете, такви биле во минатото, а такви остануваат и денес Македонските манастири - бисери на македонската култура, сведоци на нашето културно наследство.

**Свети Спас Гевгелија**

Како што запишал историчарот на уметност д-р. Димитар Ќорнаков, манастирската црква Вознесение Христово Свети Спас, за сега не е познато во кое време е подигната. На почетокот Првата Балканска војна, неколку пати била доградувана и обновувана, но според преданијата била изградена во 1842 ра година. Манастирскиот комплекс зафаќа голема површина со манастирска црква, камбанарија, новоизградени конаци и уреден двор со лозје. Зад манастирските ѕидини се старите и нови градски гробишта. Во минатото имало повеќе маслинови дрва а околу манастирот бујна шума. На манастирскиот празник Свети Вознесение Христово – Спасовден се одржувал голем традиционален панаѓур, кој траел два дена. Тогаш доаѓале многу гости од околните села и поблиските градови, за чие сместување во минатото црковната управа во минатото изградиле неколку анови. Во текот на 50 тите и 60 тите години на 19 от век, гевгеличани отворено воделе антипатријаршиска и антифанариотска борба, што особено ја разгорувале и ширеле антихимандритот Хаџи Павел Граматиков Бохигропски, полјанскиот, дојранско – кукушкиот епископ Партениј Зографски и кукушките преродбенски учители Кузман Шапкарев и Венјамин Мачуковски. Денешната манастирска црква е петокорабна со дрвени рамни таваници. На источната страна е полукружната олтарна апсида, најверојатно сочувана од постарите градби на црквата за време на турското ропство. Главниот влез во црквата е на западната страна, каде се наоѓа и отворениот трем, а на северната страна високо се издига камбанаријата. Првобитно манастирската црква била мала еднокорабна засведена, и по се изгледа зачуваната до денес апсида. Најновите сознанија укажуваат дека манастирот егзистирал и во 18 от век, а каква била нејзината архитектура сеуште не е познато. Во текот на 19 от век, манастирската црква била проширена и имала облик на трокорабна градба со отворен трем на западната страна. Во поново време храмот е проширен на северната и на јужната страна и таа го има денешниот изглед. Старите фрески не се сочувани а во поново време во 1983 година на западниот ѕид се насликани Вознесение Христово над влезната врата, јужно и северно од оваа композиција се Оплакувањето Христово, Симнувањето Христово од крстот, Богородица со 12 те апостоли, Рождество на Пресвета Богородица и Претставата на Свети Јован Крстител. Овие фрески се копии од нашите средновековни цркви и манастири. Во црквата се сочувани две стари икони од 1767 година и тоа Вознесение Христово и Исус Христос Содржител. Овие две икони најверојатно биле на иконостасот како престолни на црквата од 18 от век. Икони од 19 от век и понови се наоѓаат во наосот на црквата и олтарниот простор. Иконостасот во црквата е од понов датум со престолни и празнични икони. Во октомври и ноември 2002 година иконостасот е обновен со нови декорации и премази кои трајно го заштитуваат. Покрај овој зафат, на старешната на црквата Прота јереј Миле Штрбевски, негова значајна заслуга е што ги извади од депоата на црквата запуштените 59 икони од постарите векови и ги презентира во галерија на икони во наосот на манастирската црква. Денес внатрешноста на храмот има сосема друг изглед и секој посетител на храмот со восхит ги разгледува старите икони и обновениот иконостас. Западно од црквата е изграден конак

на кат во 1992 година со средства на црквата, а конакот има трпезарија со кујна, парохиски канцеларии, библиотека, сала за состаноци, простории за дневен престој и слично. Во наредниот период се предвидува да се изврши целосна промена на ламперијата во манастирот и целосно глетување на храмот со што истиот ќе се подготви за цртање на фрескоживописот. Вредно е да се спомене дека сите реконструктивни зафати во манастирот се извршени со средства од манастирот и од верниците. Како алтернативен извор на средства е манастирското лозје кое веќе 2 години се обработува а средствата од произведените ракија и вино истотака се користат како дополнителни средста за опстојување на манастирот. На старите гробишта е погребан Војводата Леонид Јанков, од село Мачуково, легендарен по песната Трба Трби Гевгелиско. За големината и значењето што го има овој манастир говори фактот дека истиот во минатото бил посетуван од голем број митрополити, архимандрити од Цариградската Патријаршија. Најголема посетеност манастирот има за празнувањето на Успение на Пресвета Богородица, на Преображение, на Свети Спас-Вознесение Христово. Посетата на манастирот е секојдневие на верниците од Гевгелија.

**Свети Ѓорѓи Неготино**

Во непосредна близина на Неготино источно од градот врз темели на постара црква изграден е манастирот Св. Ѓорѓи. Манастирот е изграден во периодот од 1860 до 1866 та година. На јужниот ѕид до влезот во црквата има вградена камена плоча на која е испишано 1860/1866 година но истотака стои и дека храмот на светиот великомаченик Ѓорѓи е изграден со помош на жителите од градот Неготино и Тодор, Тоше и Коце. Градител на овој манастир бил Андон Китанов од селотот Тресонче-Мала река, Дебарско. Манастирот е типична градба од преродбенскиот период кога се граделе соборни цркви во цела Македонија со големи димензии. Има архитектонски облик на трокорабна црква со три куполи поделена на три травеа, а кон јужната и западната страна со широки тремови. Главни иконописци биле Штипјани а зографи Крушевчани кои ги насликале Македонските пустиножители Св. Гаврило Лесновски, Св. Отец Прохор Пчински, Св, Јоаким Осоговски, како и ликовите на сесловенските учители и просветители браќата Кирил и Методиј. Иконата на патронот на црквата Св. Ѓорѓи е дело на Велешкиот зограф и иконописец Хаџи Константин (Хаџи Косте Крстев). Зографисувањето на манастирската црква го извршиле браќата зографи: Вангел, Никола и Коста Атанасовци од Крушево. За време на Втората светска војна, во манастирот имало заробено 20 партизани кои извесна баба Митра која живеела таму ги ослободила. Кога германците виделе дека партизаните се ослободени, го запалиле манастирот а бабата жива изгорела во него. Во манастирот до неодамна постоеле стари манастирски конаци од 19 век а денес има реконструиран конак кој може да прими 150 луѓе. Во склоп на манастирот постои винарија, во која неготинските винари имаат свој изложбен дел. Камбанаријата на манастирот е изградена во 2006 година. Најголема посетеност на овој манастир има за време на празникот Ѓурѓовден, за манастирската вечер на 21 ви септември и на зимен Свети Ѓорѓи на 9 ти декември. Во манастирот постојат фрески насликани во 2008 година и голем позлатен крст со Исус Христос а на почетокот на 2009 та истите се осветени.

**Вељуса Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса**

Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса е изграден во 11 от век. Во 1080 година е завршена градбата на манастирската црква, градена во стар стил со камен и тула. Значајно да се спомене е дека оваа црква е единствената која воопшто не е уривана. Оваа црква на времето била фрескописана во 11 тиот век, 12 тиот и 14 от век, но фреските се многу малку зачувани. Последен слој на фреските е од 19 от век. Фреските постоеле до почетокот на Првата Балканска војна. Во 1913 година грците ја запалиле црквата од внатрешна страна и тогаш изгореле речиси сите фрески што постоеле. Денес се зачувани мал дел фрески од 11 от и од 12 от век. Основач на манастирот, како машки манастир е епископ Мануил, кој има потекло од Мала Азија од горaта на Свети Аксентиј, каде што тој живеел како монах многу години. Во неговите поодминати години бил назначен за епископ на Тивериполис (Струмица). За него се вели дека е по потекло до богато семејство и дека имал големо наследство, а тој сиот свој имот го вложил во подигањето на манастирскиот комплекс. Во тоа време во манастирот се занимавале со преведувачка и препишувачка дејност а исто така имале познавање од уметноста, така што голем дел иноки се фрескописани од самите монаси. Монашкиот живот продолжил во континуитет а за прв пат бил прекинат околу 1945 година, а манастирот извесно време бил како скривница на партизаните. Во втората половина на 20 от век е под заштита на Заводот за заштита на споменици, кога започнале археолошки истражувања. Направени се реконструкции на подниот моазик и на иконостасот. Од 11 от век се сочувани столбовите и горната греда, два три капители и едно малечко парче кое е вградено во долната плоча од олтарната преграда. Во 1995 година, монашкиот живот во манастирот повторно се возобновува и повторно започнува како машки манастир, за една година подоцна да стане женски манастир. Од тогаш наваму, се служи литургија секој ден. Доаѓаат свештениците од струмичко и имаат по една недела дежурство. Епископот Мануил, манастирот го посветил на Воведение на Пресвета Богородица. Откако луѓето почнале да слават слави, селото ја земало славата на Пресвета Богородица на 21 ви септември, во овој манастир го славеле празникот до ден денес. Имено на тој ден манастирот е најпосетен. Во манастирот во минатото постоела камбанарија, но сега е изградена нова.

Во дворното место на манастирот се наоѓаат откопини од Манастирската бања, која што е подигната кон крајот на 10 от век и припаѓа на источната водочка црква. Градбата поседувала приземје вкопано в земја и кат над него. Во приземјето биле сместени ѕидното огниште и инсталацијата за затоплување, а капењето се одвивало во просториите на катот. Во просторијата 1, која што била користена како соблекувална, но и како соба за капење со ладна вода. Просторијата 2 служела само за капење со топла вода а просторијата 3 била сауна. Доводот за вода во бањата е целосно уништен, меѓутоа е сочуван само каналот за одвод на нечистата вода во реката Водочица. Бањата настрадала заедно со источната водочка црква. Соблекувалната била напуштена а просториите 2 и 3 биле преуредени во работилници за стакло. Божјиот храм Вељуса е конзервиран и реставриран во периодот од 1975 до 1985 година со заеднички напори на македонскиот Републички завод и општинскиот одбор за заштита на спомениците на културата Струмица.

**Свети Јован Бигорски**

Манастирот е изграден на планината Бистра, а под него тече реката Радика. Опкружен е со бујна шума а од манастирот се простира прекрасен видик кон планината Кораб. Во негова близина се Реканските села Гари, Осој, Тресонче, Галичник, Росоки и Лазарополе од каде произлегла цела плејада градители, зографи и иконописци и копаничари кои низ целиот 19 ти век граделе, зографисувале и украсувале со резбани иконостаси голем број цркви на целиот Балкански полуостров. Манастирот Бигорски бил светилник и стожер на просветителската дејност и книжевен центар на препишувачката дејност. Во него се школувале голем број свеченици, калуѓери и учители кои ја иреле просветната дејност по сите краишта на Македонија. Манастирската црква била изградена врз темелите на постара црква. Таа се споменува во зографскиот поменик ( 1527 – 1728 ). Врз основа на манастирскиот поменик препишан во 1883 година, манастирот бил изграден во 1021 година, кога била насликана старата чудотворна икона на Свети Јован Претеча. Но, ова предание кое се појавило по обновата на манастирот во 18 ти век. Меѓутоа, од манастирските објекти од тој период не е ништо сочувано. До обнова на манастирската црква дошло во втората половина на 18 ти век. За тоа потврдуваат делумно зачуваните фрески на јужниот ѕид од таа црква кои припаѓаат на втората половина на 18 ти век. Централно место во комлексот е манастирската црква изградена во 1800 година за време на игуменот Митрофан од Лазарополе, кој бил игумен на манастирот од 1796 до 1807 година. Веднаш по изградбата на црквата во 1800 година истата била живописана. По смртта на игуменот Митрофан, за игуме на манастирот доаѓа неговиот ученик Арсение. За време на неговото управување со манастирот тој ќе биде многу заслужен, особено за големите градителски зафати што биле превземени. Денешната црква посветена на Свети Јован Претеча има изглед на светогорските манастири со две куполи и осмоаголни тамбури. Градбата на црквата е изведена со правоаголни делкани камења и дејствува како мошне цврста градба. Кон западната страна имало изграден трем од дрвена конструкција на горниот кат со влез во црквата, додека долниот дел на тремот служел за ќелијно училиште. Пред тремот од црквата била изградена чешма во 1814 година и запишано од игумен Арсение – 1814 за горната - . Чешмата била обновена во 1877 година и на една камена плоча која и денес стои вградена пишува: Во времја смиренаго игумена Михаила от село Галичник. Братја христијани, пите слатка и студена вода да охладите жедна ваша душица и поминајте Неофита монах, бил родум от село Вехчано Охрицко и обновил его сем источник 1877 конец Богу слава.

Тремот на црквата бил во употреба во 1838 година па се до 1938 , кога е извршена нова преправка, по што го има денешниот изглед. Изградбата на манастирските конаци му припаѓа на архимандритот Арсение – игумен на манастирот Бигорски. На северната страна од црквата, манастирскиот конак е наречен Горни палат, и е изграден во 1814 година. Конакот служел за живеење на манастирските браќа и гости кои доаѓале во посета на манастирот. Во 1825 годона на западната страна од Горниот палат, биле изградени машката и женската трпезарија, селечката и дебарската одаја и најдолниот дел бил наменет за штала. На нададените чардаци помеѓу машката и женската трпезарија и денес се сочувани амбарите за жито. На челно место помеѓу зградата со трпезариите и Горниот палат, се наоѓа некогашната меѓерница, а под неа била фурната. Сето тоа и

денес е сочувано. За сместување на момоците кои му служеле на манастирот била изградена посебна зграда западно од црквата, која денес е сочувана во горните делови и така е конзервирана. Во непосредна близина од западната страна е семејната куќа со приземје и кат.

По осликувањето на големата купола во црквата а за време на игуменисувањето на архимандритот Арсение од 1807 – 1839 година, дошло и до зографисување на машката трпезарија кога пристигнале Михаил зограф со синот Димитар од Самарина. Тие ја зографисале апсидата во трпезаријата во неколку зони. Иконостасот во манастирот Бигорски претставува монументално резбарско дело на мијачките кппаничари. Мијачките копаничари се здобија со славата на најдобри на целиот Балкански полуостров. На Бигорскиот иконостас со употребата на човечката фигура е изкажана и потврдена виртуозноста на мајсторите резбари од Река на чело со Петре Гарката од село Гари. Изработени се многу сцени, композиции и одделни фигури претставени во движење, а со искажан драматизам во некои сцени, како на пример со отсекувањето на главата на Свети Јован Претеча и други.

Во некои сцени мијачките копаничари ќе се доближат до реалниот живот на човекот: гроздоберач, режач на винова лоза и друго. На иконостасот среќаваме многу животински фигури, птици и сето тоа проткаено со реалистичен приказ за винова лоза, цветови од нарциси, питоми рози, јужни плодови, а омилена мотив на мијачките копаничари ќе им биде – распукани калинки.

Манастирските конаци се реставрирани и во нив се сместени манастирските браќа монаси.

**<u>Свети Илија-Мариово</u>**

Манастирот е изграден во мошне живописни предели на Мариово, непосредно до селото Мелница кое денес не постои поради иселува&#

На иницијатива на Стале Чешелков од село Потолчиште, Мариовско и со помош на сето мариовско население, во 1870 година поставени се  темелите на манастирот посветен на Св. Илија а изградбата завршила по две години во 1872 година. Откако завршила изградбата на манастирската црква, биле повикани мијачки зографи од селото Тресонче на цело со со Аврам Дичов син на познатиот легендарен

Дичо зограф.Манастирот е изграден во мошне живописни предели на Мариово, непосредно до селото Мелница кое денес не постои поради иселување на жителите. Манастирот е изграден покрај реката Бутурица и патот кој води кон селата Витолиште, Полчиште и Бешиште. Поради природните убавини чистиот воздух и питката планинска вода, не случајно овој манастир бил во минатото омилено место за одмор и летување на Пелагонискиот митрополит Григориј. За големата благодарност кон дедо Стале Чешелков иницијаторор за изградбата на манастирот, месното население го прогласило за ктитор на манастирската црква и за доживотен игумен на манастирот. На барање од месното население кон зографите по нивна желба бил насликан портеретот на дедо Стале на ѕидот на манастирската црква. Имотната состојба на манастирот била добра за егзистенција на манастирските браќа и луѓето кои што работеле на манастирските имоти. Манастирот поседувал ниви, ливади, шуми, а од жива стока голем број овци, кози, говеда, пчели и

др. Во манастирската црква е сочуван натпис од 1872 година каде пишува дека со помошта на православните христијани од околните села бил изграден манастирот од мајсторот Пере Лауца. Манастирската црква посветена на Св. Илија е живописана во 1881 година, речиси по една деценија од нејзината изградба. Над северната врата од внатрешната страна на црквата се наоѓа уште еден натпис. Сите внатрешни ѕидни површини во црквата се зографисани од раката на зографот Аврам Дичов. Во црквата се наоѓаат и поголем број икони од 19 век, работени од истиот зограф-иконопсец што работел во црквите во селата мариовски. Манастирот е напуштен, а фреските на западниот дел од сводот се одпаднати. Слична е состојбата и со фреските во олтарниот простор и северната страна на тамбурот од куполата.

Инаку селото Мелница е родното место на писателот Стале Попов.

**Свети Наум**

Манастирот Св. Наум се наоѓа близу изворите на реката Дрим и неговиот комплекс е изграден над самото Охридско Езеро на неговиот краен круг. Црквата била изградена на јужниот брег на Охридското Езеро и била посветена на Св. Архангел Михаил и Гаврил, ова се податоци напишани во Наумовото житие. Својот манастир Наум го основал пред крајот на својот живот (900-905) а кога умрел во 910 година во него бил погребан и ден денес неговиот гроб е во него. Се смета дека најстарата Наумова црква Св. Архангел е подигната помеѓу годините 893-910. таа првобитна црква во основата била триконхална. Не е познато кога е извршено преименувањето на манастирот но според документите се знае дека уште во 1630 година манастирот бил познат како манастир Св. Наум. Првобитната манастирска црква Св. Архангел Михаил и Гаврил била уништена, разрушена и опустошена кон крајот на 18 век од страна на Али паша Јанински, а според други преданија се смета дека старата триконхална црква до темелите била уништена во времето на 15 и 16 век. Со најновите направени истражувања е докажано дека сегашната постоечка црква е со потекло од турско и дека истата е изградена врз темелите на старата Наумова црква. Се до доаѓањето на јеромонахот Григорие од Москополе-Корчанска епархија, манастирот подолг временски период бил опустошуван. Но со негова помош и помошта од христијаните манастирот се возобновува, се подигаат 2 ќелии, се уредува и осветува и се гради пронаосот. Јеромонахот Григорие станува првиот игумен на Наумовиот манастир во втората половина на 17 век. По уривањето на манастирот во турскиот период Наумовата црква се гради како бескуполна со базиликален изглед за да подоцна се видоизмени и преобрази во куполна црква. Црквата имала форма на триконхос и се смета дека била скоро иста како црквата Св. Пантелејмон на Плаошник. Сегашната постоечка црква на манастирот Св. Наум се смета дека била градена во 16 век во 2 етапи:

-првата етапа: биле изградени наосот и нартексот;

-втората етапа: биле изградени 2 куполи над наосот и нартексот.

Во втората половина од 17 век според истражувањата во манастирот се подобрила економската положба и тоа траело се до 1875 година кога е настанат големиот пожар. Во 1711 година се гради иконостасот кој е во резба и се градат неговите престолни, празнични и на светите апостоли-икони.

За престолните икони е заслужен зографот Константин кој ги насликал. Целосно резбаните работи околу иконостасот биле завршени во 1711 година. Како еден од најзаслужните за манастирот Св. Наум се смета дека е игуменот Стефан од Филиполе (Пловдив) кој управувал со манастирот пред 1799 година. Игуменот Стефан ја создал куполата над капелата, каде што се наоѓа гробот на светителот Св. Наум. Истотака игуменот Стефан со неговата е заслужен и за неговата заложба за живописот како на црквата така и на куполата. Како што пишува во натписот над вратата во храмот, во наосот живописот бил направен во 1806 година од страна на зографот Трпо, кој што бил син на зографот Константин од Корча. Наосот содржи сцени и композиции на големите празници, макитe Христови, а во олтарниот дел се претставени ликовите на светите Архиереи, Причестувањето на апостолите и Богородица со Христос. Фрескоживописани во храмот се и: портретот на јеромонахот Стефан-игумен и ктиторот на манастирот Св. Наум, потоа првите словенски учители и просветители Св. Кирил и Методиј и нивните ученици во композицијата „Седмочисленици“. Во Св. Наумовата црква се насликани истотака кнез Борис кој е заслужен за изградбата на Наумовата црква и кнезот дукљански Јован Владимир кој што бил зет на цар Самуил. Во 1809 година во манастирот е поставен за игумен Хаџи Дионисие Анадолец кога и се изградени доста значајни објекти во целиот манастирски комплекс. Во периодот од 1815 до 1875 година се градат голем број на конаци кои биле наменети за граѓаните од различни градови во Македонија. Во 1875 година најголемиот дел од манастирскиот комплекс бил изгорен до темел по што настапува голема економска криза во манастирот и целосно бил запустен. За да во 1881 година се соѕида нова зграда за потребите на училиштето каде се школувал преродбеникот Димитар Миладинов. Манастирот Св. Наум е еден од најстарите и најбогатите во Македонија кој денес се смета за една од најпосетуваните дестинации на туристите не само од Македонија туку и од странство.

**<u>Свети Наум</u>**

Манастирот Св. Наум се наоѓа близу изворите на реката Дрим и неговиот комплекс е изграден над самото Охридско Езеро на неговиот краен круг. Црквата била изградена на јужниот брег на Охридското Езеро и била посветена на Св. Архангел Михаил и Гаврил, ова се податоци напишани во Наумовото житие. Својот манастир Наум го основал пред крајот на својот живот (900-905) а кога умрел во 910 година во него бил погребан и ден денес неговиот гроб е во него. Се смета дека најстарата Наумова црква Св. Архангел е подигната помеѓу годините 893-910. таа првобитна црква во основата била триконхална. Не е познато кога е извршено преименувањето на манастирот но според документите се знае дека уште во 1630 година манастирот бил познат како манастир Св. Наум. Првобитната манастирска црква Св. Архангел Михаил и Гаврил била уништена, разрушена и опустошена кон крајот на 18 век од страна на Али паша Јанински, а според други преданија се смета дека старата триконхална црква до темелите била уништена во времето на 15 и 16 век. Со најновите направени истражувања е докажано дека сегашната постоечка црква е со потекло од турско и дека истата е изградена врз темелите на старата Наумова црква. Се до доаѓањето на јеромонахот Григорие од Москополе-Корчанска епархија, манастирот подолг временски период бил опустошуван. Но со негова помош и помошта од христијаните манастирот се возобновува, се подигаат 2 ќелии, се уредува и осветува и се гради пронаосот. Јеромонахот Григорие станува

првиот игумен на Наумовиот манастир во втората половина на 17 век. По уривањето на манастирот во турскиот период Наумовата црква се гради како бескуполна со базиликален изглед за да подоцна се видоизмени и преобрази во куполна црква. Црквата имала форма на триконхос и се смета дека била скоро иста како црквата Св. Пантелејмон на Плаошник. Сегашната постоечка црква на манастирот Св. Наум се смета дека била градена во 16 век во 2 етапи:

-првата етапа: биле изградени наосот и нартексот;

-втората етапа: биле изградени 2 куполи над наосот и нартексот.

Во втората половина од 17 век според истражувањата во манастирот се подобрила економската положба и тоа траело се до 1875 година кога е настанат големиот пожар. Во 1711 година се гради иконостасот кој е во резба и се градат неговите престолни, празнични и на светите апостоли-икони.

За престолните икони е заслужен зографот Константин кој ги насликал. Целосно резбаните работи околу иконостасот биле завршени во 1711 година. Како еден од најзаслужните за манастирот Св. Наум се смета дека е игуменот Стефан од Филиполе (Пловдив) кој управувал со манастирот пред 1799 година. Игуменот Стефан ја создал куполата над капелата, каде што се наоѓа гробот на светителот Св. Наум. Истотака игуменот Стефан со неговата е заслужен и за неговата заложба за живописот како на црквата така и на куполата. Како што пишува во натписот над вратата во храмот, во наосот живописот бил направен во 1806 година од страна на зографот Трпо, кој што бил син на зографот Константин од Корча. Наосот содржи сцени и композиции на големите празници, маките Христови, а во олтарниот дел се претставени ликовите на светите Архиереи, Причестувањето на апостолите и Богородица со Христос. Фрескоживописани во храмот се и: портретот на јеромонахот Стефан-игумен и ктиторот на манастирот Св. Наум, потоа првите словенски учители и просветители Св. Кирил и Методиј и нивните ученици во композицијата „Седмочисленици“. Во Св. Наумовата црква се насликани истотака кнез Борис кој е заслужен за изградбата на Наумовата црква и кнезот дукљански Јован Владимир кој што бил зет на цар Самуил. Во 1809 година во манастирот е поставен за игумен Хаџи Дионисие Анадолец кога и се изградени доста значајни објекти во целиот манастирски комплекс. Во периодот од 1815 до 1875 година се градат голем број на конаци кои биле наменети за граѓаните од различни градови во Македонија. Во 1875 година најголемиот дел од манастирскиот комплекс бил изгорен до темел по што настапува голема економска криза во манастирот и целосно бил запустен. За да во 1881 година се ѕoѕида нова зграда за потребите на училиштето каде се школувал преродбеникот Димитар Миладинов. Манастирот Св. Наум е еден од најстарите и најбогатите во Македонија кој денес се смета за една од најпосетуваните дестинации на туристите не само од Македонија туку и од странство.

Манастирот Св. Наум се наоѓа близу изворите на реката Дрим и неговиот комплекс е изграден над самото Охридско Езеро на неговиот краен круг. Црквата била изградена на јужниот брег на Охридското Езеро и била посветена на Св. Архангел Михаил и Гаврил, ова се податоци напишани во Наумовото житие. Својот манастир Наум го основал пред крајот на својот живот (900-905) а кога

умрел во 910 година во него бил погребан и ден денес неговиот гроб е во него. Се смета дека најстарата Наумова црква Св. Архангел е подигната помеѓу годините 893-910. таа првобитна црква во основата била триконхална. Не е познато кога е извршено преименувањето на манастирот но според документите се знае дека уште во 1630 година манастирот бил познат како манастир Св. Наум. Првобитната манастирска црква Св. Архангел Михаил и Гаврил била уништена, разрушена и опустошена кон крајот на 18 век од страна на Али паша Јанински, а според други преданија се смета дека старата триконхална црква до темелите била уништена во времето на 15 и 16 век.Со најновите направени истражувања е докажано дека сегашната постоечка црква е со потекло од турско и дека истата е изградена врз темелите на старата Наумова црква. Се до доаѓањето на јеромонахот Григорие од Москополе-Корчанска епархија, манастирот подолг временски период бил опустошуван. Но со негова помош и помошта од христијаните манастирот се возобновува, се подигаат 2 ќелии, се уредува и осветува и се гради пронаосот. Јеромонахот Григорие станува првиот игумен на Наумовиот манастир во втората половина на 17 век. По уривањето на манастирот во турскиот период Наумовата црква се гради како бескуполна со базиликален изглед за да подоцна се видоизмени и преобрази во куполна црква. Црквата имала форма на триконхос и се смета дека била скоро иста како црквата Св. Пантелејмон на Плаошник. Сегашната постоечка црква на манастирот Св. Наум се смета дека била градена во 16 век во 2 етапи: -првата етапа: биле изградени наосот и нартексот; -втората етапа: биле изградени 2 куполи над наосот и нартексот.-втората етапа: биле изградени 2 куполи над наосот и нартексот.

-првата етапа: биле изградени наосот и нартексот;

-втората етапа: биле изградени 2 куполи над наосот и нартексот.

Манастирот Св. Наум се наоѓа близу изворите на реката Дрим и неговиот комплекс е изграден над самото Охридско Езеро на неговиот краен круг. Црквата била изградена на јужниот брег на Охридското Езеро и била посветена на Св. Архангел Михаил и Гаврил, ова се податоци напишани во Наумовото житие. Својот манастир Наум го основал пред крајот на својот живот (900-905) а кога умрел во 910 година во него бил погребан и ден денес неговиот гроб е во него. Се смета дека најстарата Наумова црква Св. Архангел е подигната помеѓу годините 893-910. таа првобитна црква во основата била триконхална. Не е познато кога е извршено преименувањето на манастирот но според документите се знае дека уште во 1630 година манастирот бил познат како манастир Св. Наум. Првобитната манастирска црква Св. Архангел Михаил и Гаврил била уништена, разрушена и опустошена кон крајот на 18 век од страна на Али паша Јанински, а според други преданија се смета дека старата триконхална црква до темелите била уништена во времето на 15 и 16 век. Со најновите направени истражувања е докажано дека сегашната постоечка црква е со потекло од турско и дека истата е изградена врз темелите на старата Наумова црква. Се до доаѓањето на јеромонахот Григорие од Москополе-Корчанска епархија, манастирот подолг временски период бил опустошуван. Но со негова помош и помошта од христијаните манастирот се возобновува, се подигаат 2 ќелии, се уредува и осветува и се гради пронаосот. Јеромонахот Григорие станува првиот игумен на Наумовиот манастир во втората половина на 17 век. По уривањето на

манастирот во турскиот период Наумовата црква се гради како бескуполна со базиликален изглед за да подоцна се видоизмени и преобрази во куполна црква. Црквата имала форма на триконхос и се смета дека била скоро иста како црквата Св. Пантелејмон на Плаошник. Сегашната постоечка црква на манастирот Св. Наум се смета дека била градена во 16 век во 2 етапи:

-првата етапа: биле изградени наосот и нартексот;

-втората етапа: биле изградени 2 куполи над наосот и нартексот.

Во втората половина од 17 век според истражувањата во манастирот се подобрила економската положба и тоа траело се до 1875 година кога е настанат големиот пожар. Во 1711 година се гради иконостасот кој е во резба и се градат неговите престолни, празнични и на светите апостоли-икони.

За престолните икони е заслужен зографот Константин кој ги насликал. Целосно резбаните работи околу иконостасот биле завршени во 1711 година. Како еден од најзаслужните за манастирот Св. Наум се смета дека е игуменот Стефан од Филиполе (Пловдив) кој управувал со манастирот пред 1799 година. Игуменот Стефан ја создал куполата над капелата, каде што се наоѓа гробот на светителот Св. Наум. Истотака игуменот Стефан со неговата е заслужен и за неговата заложба за живописот како на црквата така и на куполата. Како што пишува во натписот над вратата во храмот, во наосот живописот бил направен во 1806 година од страна на зографот Трпо, кој што бил син на зографот Константин од Корча. Наосот содржи сцени и композиции на големите празници, макитe Христови, а во олтарниот дел се претставени ликовите на светите Архиереи, Причестувањето на апостолите и Богородица со Христос. Фрескоживописани во храмот се и: портретот на јеромонахот Стефан-игумен и ктиторот на манастирот Св. Наум, потоа првите словенски учители и просветители Св. Кирил и Методиј и нивните ученици во композицијата „Седмочисленици“. Во Св. Наумовата црква се насликани истотака кнез Борис кој е заслужен за изградбата на Наумовата црква и кнезот дукљански Јован Владимир кој што бил зет на цар Самуил. Во 1809 година во манастирот е поставен за игумен Хаџи Дионисие Анадолец кога и се изградени доста значајни објекти во целиот манастирски комплекс. Во периодот од 1815 до 1875 година се градат голем број на конаци кои биле наменети за граѓаните од различни градови во Македонија. Во 1875 година најголемиот дел од манастирскиот комплекс бил изгорен до темел по што настапува голема економска криза во манастирот и целосно бил запустен. За да во 1881 година се соѕида нова зграда за потребите на училиштето каде се школувал преродбеникот Димитар Миладинов. Манастирот Св. Наум е еден од најстарите и најбогатите во Македонија кој денес се смета за една од најпосетуваните дестинации на туристите не само од Македонија туку и од странство.

Во втората половина од 17 век според истражувањата во манастирот се подобрила економската положба и тоа траело се до 1875 година кога е настанат големиот пожар. Во 1711 година се гради иконостасот кој е во резба и се градат неговите престолни, празнични и на светите апостоли-икони.За престолните икони е заслужен зографот Константин кој ги насликал. Целосно резбаните работи околу иконостасот биле завршени во 1711 година. Како еден од најзаслужните за

манастирот Св. Наум се смета дека е игуменот Стефан од Филипоне (Пловдив) кој управувал со манастирот пред 1799 година. Игуменот Стефан ја создал куполата над капелата, каде што се наоѓа гробот на светителот Св. Наум. Истотака игуменот Стефан со неговата е заслужен и за неговата заложба за живописот како на црквата така и на куполата. Како што пишува во натписот над вратата во храмот, во наосот живописот бил направен во 1806 година од страна на зографот Трпо, кој што бил син на зографот Константин од Корча. Наосот содржи сцени и композиции на големите празници, маките Христови, а во олтарниот дел се претставени ликовите на светите Архиереи, Причестувањето на апостолите и Богородица со Христос. Фрескоживописани во храмот се и: портретот на јеромонахот Стефан-игумен и ктиторот на манастирот Св. Наум, потоа првите словенски учители и просветители Св. Кирил и Методиј и нивните ученици во композицијата „Седмочисленици". Во Св. Наумовата црква се насликани истотака кнез Борис кој е заслужен за изградбата на Наумовата црква и кнезот дукљански Јован Владимир кој што бил зет на цар Самуил. Во 1809 година во манастирот е поставен за игумен Хаџи Дионисие Анадолец кога и се изградени доста значајни објекти во целиот манастирски комплекс. Во периодот од 1815 до 1875 година се градат голем број на конаци кои биле наменети за граѓаните од различни градови во Македонија. Во 1875 година најголемиот дел од манастирскиот комплекс бил изгорен до темел по што настапува голема економска криза во манастирот и целосно бил запустен. За да во 1881 година се ѕида нова зграда за потребите на училиштето каде се школувал преродбеникот Димитар Миладинов. Манастирот Св. Наум е еден од најстарите и најбогатите во Македонија кој денес се смета за една од најпосетуваните дестинации на туристите не само од Македонија туку и од странство.

**Свети Леонтиј**

Манастирскиот комплекс Свети Леонтиј или Манастирскиот комплекс Свети Леонтиј или попопуларно наречен комплекс Водочки цркви се наоѓа на 9 километри пат западно од Струмица. Според документите првите темели на манастирот датираат од IV-V век. Со направените археолошки испитувања се откриени темелите и дел од уништената камена пластика којашто се наоѓала на југоисточниот дел од денешниот храм. По своите димензии црквата била мала но со внатрешниот ентериер богата и раскошна. Не се знае на кого му била посветена. Во периодот од VI-VII век првата Водочка црква била урната но потоа повторно возобновена и изградена. Оваа црква од македонските автори е нарекувана „Источна", во однос на точното време кога е подигната не може точно да се утврди но има 3 мислења: -првото е дека е изградена за време на бугарскиот цар Борис, во втората половина на IX век; -второто е дека е за време на неговиот син Симеон, на крајот на IX век и во почетокот на X век; -третото е дека е во време на цар Самуил, на почетокот од XI век. Манастирската црква била трикорабна куполна епископска базилика, за што сведочат зачуваните ѕидни (темелни) партии и горното место и синтронот т.е. во централната олтарна апсида. Според постоечките докази се смета дека Св. Климентовата епархија е Струмичката т.е. Водочката. Во Водоча во тоа време дејствувала словенска книжевна школа и била духовен расадник за поклонение и просветление. Во летото 1014 година по наредба на византискиот цар Василиј II, ослепени се 14 000 Самуилови војници при што на секој 100 војник му било оставано по едно око за да ги води

останатите. Според овој свиреп чин селото во кое се наоѓа манастирот е наречено Водоча-Вади очи. Во тој период е урната источната епископска црква и веднаш до неа е изградена помалата западна крстовидна куполна црква. Фрескописот од источната црква не е зачуван освен еден мал фрагмент од лик од некој светител. Западната Водочка црква настанала во првата поливона на XI век, помеѓу годините 1018-1037 кога и самата црква била фрескоживописана. Црквата е посветена на Воведението на Пресвета Богородица Елеуса иако денес е посветена на Св. Леонтиј, торжествено се слави празникот на Воведението на Пречистата Дева во храмот. Од западната Водочка црква се зачувани дел од фреските: фрагменти од циклусот на Богородичните празници, Благовештение и Воведение, милување на Богородица од Јоаким и Ана. Историјата на западната Водочка црква кратко траела зашто доаѓа до повторна реконструкција на манастирот. Во периодот од крајот на XI и почетокот на XII век бил урнат олтарниот ѕид на западната црква и доградена источната и од двете страни била настаната една нова именувана како средна Водочка црква. Тогаш настанува третиот слој на фрески. Зачувани се 4 олтарни фрески на архиереи во фронтален став: Св. Василиј Велики, Св. Григориј Богослов, Св. Спиридон Тримитунтски и Св. Григориј Чудотворец. Потоа 2 ѓакони, Причестувањето на апостолите, во апсидата се наоѓа Пресвета Богородица Оранта, под сводот на полукалотата е композицијата Поклонување на ангелите, а во останатите дел од храмот се распределени други фрески. Во XIV век манастирот претрпува катастрофален пожар, во XIX век пострадал од силен земјотрес. Во 1958 година од ѕидовите се симнати фреските за да се зачуваат и денес се наоѓаат во државниот музеј во Скопје. Од 1975 до 1982 година од страна на д-р. Петар Милковиќ-Пепек се извршени конзеравторско-реставраторски работи на црквата но е стопиран и од страна на археологот Јован Ананиев од Струмица понатаму се одвиваат археолочките ископувања. Откриени се 2 епископски бањи:
-првата датира од IX-X век, припаѓала на источната Водочка црква, имала приземје вкопано в земја и кат над него. Во приземјето биле сместени ѕидното огниште и инсталацијата за затоплување а капењето се одвивало во просториите на катот. Откако била изградена 2 бања оваа бања се користи како работилница за стакло.
втората датира од XI-XII век, припаѓала на средната Водочка црква, таа била пораскошна и поубава. Целиот манастирски комплекс располага со монашки конаци, владишка резиденција, голема трпезарија со димензии 19 метри должина и 5 метри широчина, кои неколку пати биле преуредени. Манастирот истотака располага и со имот: ниви, лозја, воденици. Во 1982 година е изграден уште еден конак во кој во 1995 година се возобновува монашкиот живот со машки монаси и се возобновуваат византискиот иконопис, црковното пеење, преведувачката дејност и монашкото ракоделие. Денес манастирот Св. Леонтиј-Водоча е женски манастир. Податоците за манастирот се користени документи од археологот Јован Ананиев од Струмица. попопуларно наречен комплекс Водочки цркви се наоѓа на 9 километри пат западно од Струмица. Според документите првите темели на манастирот датираат од IV-V век. Со направените археолошки испитувања се откриени темелите и дел од уништената камена пластика којашто се наоѓала на југоисточниот дел од денешниот храм. По своите димензии црквата била мала но со внатрешниот ентериер богата и раскошна. Не се знае на кого му била посветена. Во периодот од VI-VII век првата Водочка црква била урната но потоа повторно возобновена и изградена. Оваа црква од македонските автори е нарекувана „Источна“, во однос на точното време кога е подигната не може точно да се утврди но има 3 мислења: -

првото е дека е изградена за време на бугарскиот цар Борис, во втората половина на IX век;
-второто е дека е за време на неговиот син Симеон, на крајот на IX век и во почетокот на X век;
-третото е дека е во време на цар Самуил, на почетокот од XI век.

Манастирската црква била трикорабна куполна епископска базилика, за што сведочат зачуваните ѕидни (темелни) партии и горното место и синтронот т.е. во централната олтарна апсида. Според постоечките докази се смета дека Св. Климентовата епархија е Струмичката т.е. Водочката. Во Водоча во тоа време дејствувала словенска книжевна школа и била духовен расадник за поклонение и просветление. Во летото 1014 година по наредба на византискиот цар Василиј II, ослепени се 14 000 Самуилови војници при што на секој 100 војник му било оставано по едно око за да ги води останатите. Според овој свиреп чин селото во кое се наоѓа манастирот е наречено Водоча-Вади очи. Во тој период е урната источната епископска црква и веднаш до неа е изградена помалата западна крстовидна куполна црква. Фрескописот од источната црква не е зачуван освен еден мал фрагмент од лик од некој светител. Западната Водочка црква настанала во првата поливона на XI век, помеѓу годините 1018-1037 кога и самата црква била фрескоживописана. Црквата е посветена на Воведението на Пресвета Богородица Елеуса иако денес е посветена на Св. Леонтиј, торжествено се слави празникот на Воведението на Пречистата Дева во храмот. Од западната Водочка црква се зачувани дел од фреските: фрагменти од циклусот на Богородичните празници, Благовештение и Воведение, милување на Богородица од Јоаким и Ана. Историјата на западната Водочка црква кратко траела зашто доаѓа до повторна реконструкција на манастирот. Во периодот од крајот на XI и почетокот на XII век бил урнат олтарниот ѕид на западната црква и доградена источната и од двете страни била настаната една нова именувана како средна Водочка црква. Тогаш настанува третиот слој на фрески. Зачувани се 4 олтарни фрески на архиереи во фронтален став: Св. Василиј Велики, Св. Григориј Богослов, Св. Спиридон Тримитунтски и Св. Григориј Чудотворец. Потоа 2 ѓакони, Причестувањето на апостолите, во апсидата се наоѓа Пресвета Богородица Оранта, под сводот на полукалотата е композицијата Поклонување на ангелите, а во останатите дел од храмот се распределени други фрески. Во XIV век манастирот претрпува катастрофален пожар, во XIX век пострадал од силен земјотрес. Во 1958 година од ѕидовите се симнати фреските за да се зачуваат и денес се наоѓаат во државниот музеј во Скопје. Од 1975 до 1982 година од страна на д-р. Петар Милковиќ-Пепек се извршени конзеравторско-реставраторски работи на црквата но е стопиран и од страна на археологот Јован Ананиев од Струмица понатаму се одвиваат археолочките ископувања. Откриени се 2 епископски бањи:

-првата датира од IX-X век, припаѓала на источната Водочка црква, имала приземје вкопано в земја и кат над него. Во приземјето биле сместени ѕидното огниште и инсталацијата за затоплување а капењето се одвивало во просториите на катот. Откако била изградена 2 бања оваа бања се користи како работилница за стакло.

-втората датира од XI-XII век, припаѓала на средната Водочка црква, таа била пораскошна и поубава.

Целиот манастирски комплекс располага со монашки конаци, владишка резиденција, голема трпезарија со димензии 19 метри должина и 5 метри широчина, кои неколку пати биле преуредени. Манастирот истотака располага и со имот: ниви, лозја, воденици. Во 1982 година е изграден уште еден конак во кој во 1995 година се возобновува монашкиот живот со машки монаси и се возобновуваат византискиот иконопис, црковното пеење, преведувачката дејност и монашкото ракоделие. Денес манастирот Св. Леонтиј-Водоча е женски манастир. Податоците за манастирот се користени документи од археологот Јован Ананиев од Струмица.

**<u>Свети НиколаМоклишкиот</u>**

манастир се наоѓа на пет/шест километри јужно од селото Ваташа по течението на реката Луда Мара. Точни податоци за неговатk

Ваташа- Моклишки манастир Свети НиколаМоклишкиот манастир се наоѓа на пет/шест километри јужно од селото Ваташа по течението на реката Луда Мара. Точни податоци за неговата изградба нема на пишан документ, а се смета дека е изграден помеѓу 15 от и 16 от век, што го потврдува плочата поставена на северната страна на влезот во манастирот. Според написот, манастирот е фрескоживописан од Кир Никола од Тимјаник со неговите три сина, а се смета дека исто така е изграден од Кир Никола. Манастирот располага и со конак на два спрата по четири соби, а на секој спрат има по еден магацин. Манастирот Свети Никола е еднокорабна црква изградена еден дел од тесан и речен камен. Димензиите на манастирот се 15 метри во должина и 5,3 метри во ширина. На источната страна, апсидалниот дел е издаден околу 1,4 метри. Влезната врата е од северната страна, додека на западниот дел од манастирот има балкон во кој се влегува преку вратата од јужната страна. Балконот е изграден од камен и има димензии од 5 метри должина и исто толкава ширина. Во манастирската црква има живописод двата временски периоди и тоа од времето кога таа е подигната, односно од 16-от век и од 1879 година и е живописан на сите четири страни. На јужниот ѕид во првата зона се: Св. Никола, непознат светец, Св, Антоние, Св.Астрал, Св. Онуфрие, Св. Макарие и Св. Кузман и Дамјан. На западниот ѕид, јужно од вратата е Св. Архангел Михаил, на северната страна Св. Константин и Елена а над влезот е зачуван горниот натпис. Во втората зона се: Патот на Голгота, Св. Евстратие и Св. Евгение, а меѓу хаковите се двајца евенгалисти. Во третата зона се насликани сцените: Христос пред Кајафа, Христос пред Пилат, Качувањето на Крстот и Распетие Христово. Во олтарната апсида лево се: Св. Грегорие и Св. Василиј а десно Св. Јован Златоуст и Св. Кирил Александриски. Втората зона го илустрира Причестувањето на апостолите, а над него е Богородица Ширшаја. На јужниот ѕид во олтарот се насликани Св, Спиридон а во нишата е Св. Ѓакон Роман. Во втората зона е Св. Василиј а на лакот е Св. Ахилиј и Св. Герман претставен како убаво момче. Насводот се фреските живописани во 1879 година. Тука е изработена композицијата под наслов: Колежот на Витлеемските деца. Тука е прикажана жена со гол грб и една града откриена. Циклусот почнува со Средбата на Марија и Елисавета, Јосиф и Марија, Рождество Христово, Поклонение на тројцата мудреци и Бегството Мариино во Египет. Во манастирската црква денес се зачувани четири икони кои потекнуваат од 19 от век. Тоа се иконите: Св. Богородица со Христос, Исус Христос, Св. Јован Крстител и Св.

Никола. Сите икони имаат исти димензии: 82x64x2 сантиметри. Манастирот по 2006 година имала провизорно направен иконостас, и со благослов на Митрополитот Повардарски Агатангел, дозволено е да се направи нов иконостас со црковните канони. Во еден запис на старословенски јазик од 1716 година се вели: „Овој божествен минеј од Полошкиот манастир го донел Арсениј во Моклишкиот манастир. Беше пусто Полошко во летото 1716 година а го попишав јас грешниот Исаија Полошки. Кој ќе ја земе таа книга од Полошката црква да е проклет и анатема. Кога ќе дојде некој калуѓер од Полошко да ја врати во Полошко. А од раѓањето Христово 1716 година“. Од ова се гледа дека се водела некаква грижа за прибирање на книгите од запуштените манастири и чување во овој манастир. И благодарение на тоа како и препишувачката активност во овој ретко убав манастир е создадена огромана манастирска библиотека. За жал, оваа убава колекција на книги со текот на времето ќе биде уништена од несовесните и нерародните калуѓери. Во кругот на манастирот има фурна и чешма посветена на Свети Никола. Зад конакот постои уште една постара чешма, која во летото 2008 ма година е целосно обновена, изграден е пристап со бетонски скали и осум канделабри за осветлување. Манастирот Свети Никола има и воденица која во минатото била користена. Манастирот располага со 600 декари земјиште, повеќе од 100 декари шума и пасишта и од 2004 година има засадено и ново лозје од 12 декари. Во минатото во манастирот се одгледувало и крупен добиток. Манастирот во минатото бил доста богат а во него опстојувало и монашко братство кои се грижеле за економијата и за манастирот. Последниот монах во овој манастир во бил во 1945та година кој се грижел за истиот. Што се однесува до посетеноста на манастирот, помасовна посета се забележува од пред неколку години на празникот Богојавление кога Светиот крст се фрла на браната Моклиште а исто така и на Свети Трифун, денот на лозарите. Манастирската слава на овој манастир е летен Свети Никола, а најголемата посетеност е на празникот Успение на Пресвета Богородица. Манастирот Свети Никола е под раководство на старешината, свештеникот Борче Богоевски со манастирско настојателство кои се грижат за опстанокот на манастирот. Како што изјави свештеникот Богоевски, постоела опасност од манастирската река која поткопала дел од брегот, но сето тоа е санирано во 2008 година, а истата година е санирана и фурната, поплочен е балконот на конакот  кој има површина од 140 м2. За 2009 та година, предвидено е да се започне со изградба на манастирската камбанарија. Моклишкиот манастир Св. Никола е под заштита на државата.

**Манастирот Света Пречиста**

За потребите за просветување на своето монаштво и за ширење на просветниот дух меѓу населението во манастирот имало помош  Манастирот Света Пречиста е изграден во падините на планината Врвои на надморска височина од 920 метри, од Кичево оддалечен околу 12 километри. Кај народот останало да се вика Крнински манастир. За постанокот на манастирот Света Пречиста има повеќе преданија. Имено, на северозападната страна на Кичево се наоѓа селото Кнежино. Таму имало манастир кој во 1739 година бил опустошен. Пред тоа злосторство, чудотворната икона Света Богородица со Исус Христос од тој манастир сама дошла на местото од сегашниот манастир Света Пречиста. Манастирот Света Пречиста има долга и бурна историја. Доживеал високи дострели но и бројни уништувања и ограбувања од качачки банди. Катастрофални биле три – четири негови горења. Историски податоци има за горењето на манастирот во 1558 година.

Тогаш манастирот имал братство од 15 луѓе. И при горењата на манастирот во 1824 и 1843 година манастирската црква останала целосно, но била мала и не ги задоволувала духовните потреби на верниците, собирала стотина посетители. Поради тоа, игуменот хаџи Теодосиј ( чии мошти почиваат во манастирот ) во 1846 година ја урнал малата црква и на нејзино место ја подигнал сегашната монументална. Помош за изградбата дале луѓето од Кичевско, Битола, Прилеп, Охридско, Дебарца и други. Изградбата била доверена на мајстори од селото Луково, Струшко. Манастирската црква има правоаголна форма со димензии : 24,5 х 14,2 метри, а висина на куполата 16 метри. Ѕидовите се дебели 1,4 метри од камен варовник и бигор. Од надворешната страна камењата се делкани во хоризонтални редови во вид на квадрати, завршувајќи со богато профилирани венци. По својата убавина посебно се истакнува источната фасада на црквата, бидејќи оттаму е главниот влез. Внатрешно, ѕидовите се засилени со пиластри што меѓусебно се поврзани со полукружни лакови над кои се издигнува куполата, па се постигнува единствен простор во наосот. Заради затоплување и соодветно извршување на верските обреди во студените периоди од годината, од јужната страна на црквата Света Пречиста и е прилепена мала црквичка посветена на Свети Никола. Затоа таа уште е позната како зимска црква. Подот на црквата во однос на надворешната површина е спуштен за 80 сантиметри. Во 1982 година покривот од камени плочи е заменет со бакарен лим. Придружните манастирски објекти биле градени според манастирите на Света Гора. Познатиот македонски преродбеник Јордан Хаџи Константинов Џинот во весникот Цариградски весник од 1859 година пишува: Кичево може да се гордее со еден голем и прекрасен манастир, наречен Крнино. Манастирот Света Пречиста имал голем недвижен имот: ниви, лозја, ливади, шуми, воденици, кошари и друго во неговата околина и во соседните села: Манастир Доленци, Козица, Кладник, Другово, Брждани, Миокази и други. Во Кичево имал девет дуќани, а располагал и со жива стока. За одржување на манастирската економија, покрај братството и ветените луѓе за здравје, имало вработени од 15 до 20 лица. Главната грижа за целокупниот манастирски имот, според воспоставената народна традиција ја имал таканаречениот кум, кој ја извршувал таа должност со неговата фамилија една година.Кога се влегува во црквата од западната или од јужната влезна врата, веднаш паѓа в очи импозантниот иконостас. Тој бил направен за време на игуменот Стефан во 1864 година. Архитектонската конструкција на иконостасот ја изработил мајсторот Дојчин Зулфа, декоративните работи се на неговиот син Добре, а иконографијата е на познатиот зограф Димитар Крстев – Дичо Зограф од селото Тресонче. Со сликањето на иконостасот Дичо Зограф почнал во 1853 година. Од претходниот иконостас единствено е зачувана престолната икона Богородица Одигитрија. Царските двери се од 19 от век, а нивниот автор е непознат. Дверите се изработени во длабока ажурна резба. Според стилот и мотивите се претпоставува дека нивниот автор – резбар бил од тајфата на Макарие Фрчковски. Покрај царските двери што сега се во функција, во црквата Света Пречиста има царски двери и од 16 от век. Тие се најстара резба овде, чиј автор не се знае. Од 16 от век е и владичкиот стол. Тој е украсен со плитка резба. Игуменскиот и архиерејскиот трон се од 19 от век. Реликвија на манастирската црква е една резбана дрвена плоча со полиња на кои што веројатно била композицијата Деизис, од која сосема малку се сочувани остатоци од иконописот. Потекнува од временскиот интервал од 16 ти и 17 ти век. Освен иконите на иконостасот, во црквата има 18 икони во мал формат од Дичо Зограф. Најважно иконографско дело во Света Пречиста е чудотворната икона. Од една страна на неа е Исус Христос а од другата страна е

Богородица во прегратка со Христоса. Оваа икона ја ретуширал Дичо Зограф во 1865 година, а истата повторно е конзервирана во 2006 година од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата – Скопје. Чудотворната икона се наоѓа на западната страна во наосот, поставена на бигорен камен над изворот.